МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став (5) од Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во регистарот на земјоделски задруги.

## Член 2

Барањетото за упис во регистерот на земјоделските задруги е во формат А4 на бела хартија и содржи:

- назив на земјоделската задруга;

- седиште на земјоделската задруга;

- единствен даночен број на земјоделската задруга;

- број на решение за упис во Централен регистар на Република Македонија;

- земјоделски стопанства-членови на земјоделската задруга;

- приоритетна дејност на земјоделската задруга и

- овластени лица на земјоделската задруга.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 16-15230/1 | Министер за земјоделство, |
| 14 јуни 2013 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

Прилог

| | | |
|---|---|---|
| **ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО** | | |
| **БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТЕРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ** | | |
| 1. Назив на земјоделската задруга | | |
| 2. Седиште на земјоделската задруга | | |
| 3. Единствен даночен број на земјоделската задруга | | |
| 4. Број на решение за упис во Централен регистар на Република Македонија | | |
| 5. Земјоделски стопанства-членови на земјоделската задруга | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| 6. Приоритетна дејност на земјоделската задруга | | |
| 7. Овластени лица на земјоделската задруга | име и презиме | ЕМБР |
| | | |
| | | |